



Тања Битољану Плавшиќ

# ПАТНИЦИ

ПАТНИЦИ

## И двете нешта се случуваа: светот се распаѓаше и се обединуваше

Дали сум среќна? Немам време да размислувам за тоа. Убаво сонував, но полицаецот сите нè изгонува надвор. Во автобусот останаа само мајки со мали деца. „А госпоѓи во години?" Прашањето ми виси во воздух. Униформата е загледана над нашите глави. Заспаните фацички на моите внучиња ме очекуваат стотици километри потаму - од онаа страна на границата. Уште малку. Најтемно е пред зори. И најстудено.

„Каде одиш? Кај ќе бидеш сместена? Покажи адреса или резервација! Колку пари имаш?" Се множат прашањата, а редицата не се намалува. На двајца Албанци им бараат по сто евра за секој ден престој во Хрватска. Дали ќе ги вратат назад во Македонија? Каде во три по полноќ во Бајаково, заспан граничен премин со два исти сини пластични контејнери ВЦ-а и од српската и од хрватската страна (само што последниве не ја наплатуваат смрдеата)?

*Бурички по мапата на паметењето. Искрснува сликата на Кокино (сега веќе вгнездено и на интернет). Кокино без визи, дрски цариници, долги патувања, страв од летање и терористи. Спокој. Мистично брдо на кое нашите палеолитски претци пред тринаесет милениума подигнале опсерваторија. За проширување хоризонти. А ние ги мислевме за мајмунолики суштества?!*

„Немам пари, но имам гарантно писмо - што немам намера да им го покажам! Освен ако ми го побараат" - коментирам гласно пред редицата сопатници и шалтерот. Можеби токму затоа ништо не ме прашуваат.

*Железно време. Во пејонската престолнина (денешен Демир Хисар) како излезени од некаква SF-иконографија, се собираат луѓе. Пренесуваат порака за доаѓањето на непријателот. Палат факели. Ги оставаат врз жртвеници изделкани од камен. Еден таков, пронајден во нашево модерно време во село Бојчишта, е продаден на диво за педесетина илјади евра, и однесен во Виена, по истиве патишта на кои сега ни ги бројат парите...*

„Шлепер со шверцувани цигари ќе поминеше полесно од нас" - се враќа самодовербата меѓу патниците. Го исполнува релаксираниот воздух во автобусот... „Си прават луѓево држава, па покажуваат мускули."

*Во Градишта, дури и при обична прошетка, се случува да нагазите стара монета, што сведочи дека населбата живеела некаде до шести век, исто како прочуеното Стоби. Кога би ги наслушнувале артефактите, којзнае што приказни би ни испреле. Ние сме, нели, народ што љуби приказни.*



## Логична транзиција

„Без гарантно писмо поминуваш, гарант, граница само ако одиш со авион" - коментира глас од темницата зад мене. Но, си мислам, тоа се некои други патници. „И со кола е лесно: Поминуваш граница кај Бајаково. Застануваш на мирно место, ја менуваш регистрацијата. Магнетни таблички со знаци на хрватски градови се продаваат преку огласник во Србија" - се јавува повторно гласот од позади. „Што ќе ти се хрватски таблички, па нас не нѐ демолираат. Оди слободно, ако сакаш на Хвар, Задар, кај сакаш." Хрватската новинарка, раскажуваат, на ТВ ловела грешки на Словенците поради неевропискиот граничен премин кон Хрватска. Притоа заборавила дека истите пропусти, од ист инает, ги имаат направено Хрватите на преминот за Србија. И сѐ така до Македонија. Нештата се влошуваат според шемата - јужно па тажно. Претажно. Европа е некаде ценем, а „бившите наши" ни станаа странци во ноќта, и обратно...

*Во темница гледам јасно: парче поплочен римски пат. Ми се внесуваат во лице, и одминуваат чудни сватови: Римјани, Спартанци, Хуни, Татари, Авари, Келти, Словени, Хазари... Самозадоволно ги поминуваат старите граници што со себепочит ги исцртува секоја цивилизација. Реалност или фикција? - ја пречекорија, ете, и таа границата меѓу сон и јаве. Си поигруваат со моите мисли во жагорот на затемнетиот автобус што стои и чека.*

Мисла-молскавица ме исправа во седиштето: Што ли беше логична транзиција? Ситуацијата дома (која е сѐ освен логична)? Офф, знам... Унгарците ни ги признаваат шенген визите за други земји, доколку логично транзитираме преку нивна територија за Европа! Логичноста е слободна проценка на полицаецот од граничниот премин...

*Што ли би рекол на ова Адам од Говрлево, стар околу четири илјади години, пронајден на Светиот рид што, заедно со сите археолошки напластувања, пет манастири и една црквичка, им беше продаден на странци (за од парите да се изгради понов и поубав духовен континуитет). Притисокот на јавноста ја поништи продажбата, ги спаси корените, овојпат. До кога?*



## Мала ноќна музика

Двајцата наши сопатници-Албанци се враќаат, сепак, во автобусот. Кондуктерот ги теши дека ова е редовна ноќна практика и со албански и со македонски патници: „Од Словенија надолу - сѐ ќе биде карантин. Така сакаат големите... Се тепаат за престиж не во своите, туку во нашите дворови... Во битката меѓу модерна Европа и феудалниот Балкан, Хрватите си фаќаат приклучок. Нејќат да ги вбројуваат меѓу дивите балкански племиња" - го прислушувам, со затворени очи, разговорот во автобусот. Не вреди да ги потсетувам дека сликата за нас што би сакале да ја пласираме, зависи од тоа со какви очи ги гледаме другите...

Поголемиот дел од младоста ми помина во страв дека некој од немукает ќе го притисне копчето со кое планетава ќе се распрсне во атомска печурка... Тинејџерите во Америка го имаа истиот страв од радиоактивно зрачење на руските боеви глави. Време на студена војна и вестерн. Америка реши дека рускиот комунизам ќе биде новата граница под која не се може, во име на правда, човекови права и демократија. За да дојде до оружје и пари, по сугестија на советниците, Труман ги држи своите пламени говори против „црвената опасност". Меѓу преплашената американска публика влетува на сцена Шејн, кој со насилство донесува спас за една нова заедница од Дивиот Запад. На крајот од филмот едно дете, фасцинирано од моќта на оружјето, го моли главниот јунак да се врати, но тој заминува во вечност...

## Што останува по сè

*Курбиново. Дванаесетвековно, најмоќно царство на фреските од времето на овоземската лоза Комнени. Го чуваат само прозорливите очи на светиите и благиот поглед на ангелите, заробен по светски каталози за Византија. Ренесансата тргнала оттука во западна Европа, во Неапол, Џенова, Падова и Рим... До црквичката од зародишот на нештата „Свети Ѓорги” во околина на Ресен се доаѓа без многу перипетии, клучот го чуваат во селото...*

Сончева светлина се истура по ридовите што ноќта ги беше сокрила во црно. Небо и планина. Двата дела од глетката, пролетуваат преку мојот прозорец, одвоени со металниот опшив на стаклото. Ги спојува руменоутринска светлина. Внесува топлина меѓу преморените патници... Полека се појавува, можеби повеќе се насетува, златен крајолик на детството. Птичја песна во мугри. Миризба на паднати борови иглички. Тиркиз на водата. Зуење на жежи-печи поздрав за уште еден ден што се раѓа надвор и внатре, во автобусот во движење. Епидемија на спомени... Го сакам зеленото во Истра, исто е како дома. Таму некаде скриена е една топла прегратка на моите внучиња....



## Ти си насекаде, а ние...

На сајтот на хрватското Министерство за надворешни работи се обидувам да проверам за оние сто евра по ден, што треба да ги има секој кој влегува преку граница со сериозни намери... Вистина е! Пресметуваме колку илјади евра ни се потребни ако автобусот неколку дена заглави во дефект. „Ќе бараме чаре... ќе се снаоѓаме” - се ори смеа во позадина. „Хрватите се подготвуваат да ни воведат визи... И Бугарите, исто така, само нема да ни наплатуваат... Како Албанците што не наплатуваат визи, ама воведоа такса”. Бариери што повеќе наликуваат на средновековни тврдини под опсада. Еден ден тие, неминовно, ќе прераснат во своевиден затвор за оние внатре. Дури и тогаш, можеби најмногу тогаш, ќе треба да им се даде на знаење на Дојденците дека се туристи од втор ред. Луѓе од втор ред.

Многу повеќе ме загрижуваат невидливите граници во нашите срца и глави. Што вирус е тоа поради кој нè одбегнуваат? Тонеме во безвредно, површно, тривијално секојдневие. Кому да му го продадеме сопственото безредие, беда и криминал? Дали може да биде утеха тоа што бункер стратегијата на „бившите наши” (како што велат во автобусот), ќе се престори во стапица за нив самите? Утеха ли е ако од еден гроб направиме два? Што знам... Не знам, всушност, ништо. Само насетувам...

*Создавајќи Бог раздвојувал. Без тоа би постоел само чист хаос, целосна ништожност. Само она што е раздвоено може да дојде во допир со Другост. Тоа не е прашање на агресија, туку на прифаќање, отвореност, идентитет. И, пред сè, љубов. Само така се остварува вистинска заедница на овој свет. Во овој живот сите сме само патници.*




фотографија Александар